СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Деловната политика, развојниот и финансискиот план на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 2016-2020 година**

**Битола, 2016 година**

# МИСЛЕЊЕ

на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола
по Деловната политика, развојниот и финансискиот план
на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 2016-2020 година

Деловната политика, развојниот и финансискиот план на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 2016-2020 година претставуваат основен документ во процесот на развојно и годишно планирање кој ги инкорпорира главните стратешки цели, деловните цели за одделни сегменти во работењето и финансиските проекции, притоа водејќи се од мисијата на Банката, а земајќи ги предвид потребите на клиентите, очекуваните промени во деловното опкружување, како и интерните проценки за стапките на раст.

Во делот на деловната политика и развојниот план се опфатени сите сегменти од работењето на Банката при што дефинирана е мисијата на Банката, како и клучните стратешки и деловни цели со предлог-мерки и активности за нивно остварување во текот на планскиот период 2016-2020 година. Воедно, изработена е SWOT-анализа на Банката како водич при поставувањето на клучните стратешки цели.

Во рамките на финансискиот план на Банката, за периодот 2016-2020 година, се поставени клучните финансиски цели кои треба да придонесат за остварување на долгорочните стратегиски цели, а се во согласност со деловните цели и задачи, како и со поставените мерки и активности за нивно остварување. Во финансискиот план, кој опфаќа период од пет години, се дадени планските големини на позициите од билансот на состојба, билансот на успех, буџетот за општи административни трошоци и амортизација, како и таргетирани индикатори за работењето на Банката.

Билансот на Банката во периодот 2016-2020 година се предвидува да се зголеми за 8.155,38 милиони денари или за 132,39 милиони евра, односно 84,69% или просечно годишно по 13,05%. Вкупните депозити на Банката е планирано да се зголемуваат просечно годишно по 9,69%, додека кредитите на нефинансиски субјекти планирано е да растат со просечна годишна стапка на раст од 15,00%, при што подинамичен раст е планиран кај секторот население со цел диверзификација на кредитното портфолио и намалување на ризикот од концентрација. Во делот на капитал и резерви е планирана докапитализација преку емисија на корпоративна обврзница во 2016 година во износ од 5,00 милиони евра. Ефектот од докапитализацијата, дополнет со планираното остварување на позитивни финансиски резултати во секоја од планските години и нивна распределба во резервниот фонд на Банката, ќе придонесе за просечен годишен раст од 12,94% на капиталот и резервите.

Во делот на преземен имот, за периодот 2016-2020 година се планирани неколку нови преземања, додека позначителен е износот на планирани продажби кои би овозможиле насочување на средствата во каматоносни позиции, така што до крајот на планскиот период нето-вредноста на преземениот имот би се преполовила, односно просечното годишно намалување во оваа позиција би изнесувало 12,94%.

Главен придонес кон остварување на проектираната нето-добивка во износ од 16,72 милиони денари во 2016 година се очекува да имаат приходите од редовното работење, односно

нето-приходите од камати и нето-приходите од провизии и надоместоци. Нето-добивките кои би се оствариле во периодот 2016-2020 година е планирано да се распоредуваат во резервниот фонд на Банката што дополнително ќе придонесе за зајакнување на стапката на адекватност на капиталот. За остварување на поставените плански големини предвиден е буџет во вкупен износ од 1.824,23 милиони денари за целиот петгодишен период од 2016 до 2020 година.

Доколку се реализираат ваквите плански големини би се остварила позитивна стапка на принос на акционерскиот капитал (ROE) и би се зголемило пазарното учество на вкупната актива, кредитите и депозитите во однос на вкупните големини во банкарскиот сектор на Република Македонија.

Битола, 25.2.2016 година

Надзорен одбор
Претседател

Г. Ненад Јосифовиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4